РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. [illegible]
27-[illegible]-2006 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКА, ПЛАНИРАЊЕ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ДО

**Предмет: Концепт за професионален развој на подофицери во АРМ,**
**доставува.-**

Во прилог на актот Ви се доставува Концептот за професионален развој на подофицери во АРМ, потпишан од страна на Министерот за одбрана, г-н Јован Манасијевски.

Концептот Ви се доставува на Ваше знаење и понатамошна употреба.

Прилог: Како во актот

Изработил: Г. Ѓорѓиев
Одобрил: К.Ристеска [illegible]

Помошник раководител
Сорај Бајрески

Доставено до:
- Министер МО
- Кабинет МО
- Кабинет на ГШ на АРМ
- Државен Секретар
- Државен советник [illegible]
- [illegible] МО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ**

# КОНЦЕПТ
# ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИ ВО АРМ

**СКОПЈЕ**
**- Декември 2005 -**

# НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИ ВО АРМ

Стратегиската определба на Република Македонија за интеграција во современите асоцијации во Европа и светот и актуелната општествено-политичка ситуација во нашето опкружување, покрај другото, налагаат, трансформација на Армијата, како важен конститутивен елемент во државата.

Во системот на воспоставување меѓусебни односи, димензионирањето и развојот на армиите за секоја земја, претставува обврска за следење на постоечките услови и стандарди. Република Македонија за да ги исполни условите за зачленување во меѓународните воени и други асоцијации треба да изгради модерна и компатибилна армија. Компатибилноста на АРМ со армиите на земјите членки на НАТО треба да се постигне по структура и обученост.

Трансформацијата на нашата Армија, која е во тек, предвидува мала, оперативна и целосно професионална сила, која ќе може да ги исполни сите поставени мисии. Оваа цел бара поставување нова организациско-формациска структура, воспоставување посебни, нови меѓусебни односи, должности и одговорности, со што се постигнува потполна оперативност со армиите на земјите членки на НАТО.

Целта на оваа реорганизација и трансформација на Армијата подразбира:

- врвно обучени и мотивирани професионални војници, способни за извршување на сите поставени задачи, во мировни и борбени мисии во земјата и во странство;
- подофицери, компетентни лидери, жестоки и цврсти борци, искусни тренери на војниците и ефективни реализатори, организирани во подофицерски кор, меѓусебно поврзани со строг морален кодекс. Овој кор ќе биде основна организациска и мотивирачка сила која ќе ја преземе тежината на одговорноста за извршување на задачите и ќе претставува: "*'рбет на Армијата*";
- професионално изградени офицери, стручни, обучени и сигурни команданти, способни да анализираат, предвидуваат, организираат и контролираат.

Подофицерите како специфично важна категорија во Армијата, да се развијат и да бидат во состојба: да ја разберат замислата на командантите, со полна доверба да ја преземат обврската и да бидат успешни реализатори на мисиите.

Оваа улога, подофицерите треба да ја остварат со лидерство преку личен пример, обучувајќи од лично искуство, тежнеејќи кон достигнување стандарди и работејќи на одржување на нивото на обученост, и притоа да се грижат за своите војници и да се адаптираат на промените кои се случуваат во светот.

Ваквиот профил на подофицери треба да им овозможи, да преземат поодговорна улога и да бидат столбот на Армијата.

Заради постигнување на горе наведената цел, да се пристапи кон изработка на концепт за воспоставување систем на професионален развој на подофицерите во Армијата на Република Македонија, со поставување конкретни услови и стандарди. Сите услови и стандарди да произлегуваат од реалните потреби и можности.

Во разработка на концептот да се земат сите горе наведени насоки.

НАЧАЛНИК НА ГШ НА АРМ
*Генерал - мајор*
Мирослав Стојановски

# ПРЕДГОВОР

Со осамостојувањето на Република Македонија и формирањето сопствени вооружени сили, со сите нејзини атрибути, користејќи ги претходните искуства, а според потребите на одбраната, формирана е Армијата на Република Македонија (АРМ).

АРМ е креирана според потребите на одбраната и нашите историски традиции, а како битно обележје е земено образованието и обуката на нејзините припадници.

Како институција, АРМ се состои од повеќе конститутивни категории (офицери, подофицери, професионални војници и цивилни лица). Секоја од овие категории има посебни барања за степенот на образование и обука.

Трансформацијата на Армијата поставува и други односи, со потполно различна концепција и барања за воспоставување на поинаков систем за образование и обука на нејзините припадници.

Во почетниот период од формирањето на АРМ, очигледно е посветено поголемо внимание на процесот на образованието и обуката на војниците и офицерите, додека најмалку на подофицерите.

Во текот на изминатиот период постојаните транзиции на општествените односи во Републиката, имаа влијание и на АРМ. Затоа постојано се појавува потребата од преиспитување на нејзината организациско - формациска поставеност.

Поаѓајќи од определбите на Р. Македонија за зачленување во НАТО, процесот на преструктуирањето на АРМ и обезбедување компатибилност со армиите на земјите членки на НАТО, се појави неминовна потреба од измени и дополнувања на системот на образование и обука во АРМ.

Користејќи ги сопствените, и искуствата стекнати преку билатералната соработка со армиите на земјите членки на НАТО и школувањето на персоналот надвор од земјата, започна измена на постоечкиот систем со адаптирање и дизајнирањето на нов систем за образование и обука.

Имајќи ја предвид важноста на обуката на наведените категории на персонал во АРМ, особено внимание заслужуваат подофицерите.

За да одговорат соодветно на новата улога и задачите, подофицерите треба да се здобијат со соодветно знаење и вештини. Оваа потреба налага нивно системско образование и обука. Само сеопфатно, правилно димензионирано и системски поставено образование и обука, кое ги исполнува сите потреби на подофицерите, може да даде посакувани резултати, а тоа се компетентни подофицери, вешти воини, лидери и тренери, способни да одговорат на должностите и одговорностите за остварување на дадената улога.

Системското образование и обука на подофицерите во АРМ е дефинирано во концептот за професионален развој на подофицери.

Во текот на работата на концептот извршени се сеопфатни анализи на потребите и можностите на Армијата за можен развој на

подофицерски кор. Во текот на овие анализи, опфатени се предлози и мислења на командите и установите, како и на целокупниот подофицерски и офицерски кадар во Армијата.

Концептот ја нагласува потребата и важноста на професионалниот развој на подофицерите во АРМ, кој обезбедува подофицери организирани во подофицерски кор, со јасно поставени релации по однос на офицерите во АРМ и имаат јасно дефинирана улога на компетентни тренери, обучени борци и лидери со развиени лидерски карактеристики и способни успешно да ги водат своите потчинети во борба.

# СОДРЖИНА

**НАСОКИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИ**------------------------------------ 1

**ПРЕДГОВОР** ---------------------------------------------------------------------------------- 3

**СОДРЖИНА**------------------------------------------------------------------------------------- 5

**ВОВЕД**------------------------------------------------------------------------------------------ 7

**1. УЛОГА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПОДОФИЦЕРИТЕ**---------------------------------------------------------------------------- 7

**1.1 Улога на подофицерите во АРМ**------------------------------------------------ 8
**1.2 Должности на подофицерите во АРМ**------------------------------------------- 9
1.2.1 Општи должности--------------------------------------------------------------- 9
1.2.2 Посебни должности------------------------------------------------------------- 9
1.2.2.1. Командни должности----------------------------------------------------------- 9
1.2.2.2. Штабни должности------------------------------------------------------------- 11
1.2.2.3. Други должности---------------------------------------------------------------- 12
1.2.3. Имплицирани должности-------------------------------------------------------- 13
**1.3. Одговорности на подофицерите во АРМ**--------------------------------------- 13
1.3.1. Индивидуална – лична одговорност--------------------------------------------- 13
1.3.2. Колективна одговорност--------------------------------------------------------- 13
**1.4. Овластувања на подофицерите во АРМ**---------------------------------------- 13
1.4.1 Овластување според чинот------------------------------------------------------ 14
1.4.2 Командни овластувања---------------------------------------------------------- 14
1.4.3 Овластувања дадени од претпоставениот--------------------------------- 14

**2. ОДНОС ОФИЦЕР – ПОДОФИЦЕР**-------------------------------------------------- 14

**3. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЛИДЕРСКА ПОЗИЦИЈА**-------------------------------- 16
**3.1 Нагласување на должноста на к-дирот на 1. одделение**---------------------- 16
**3.2. Улога на првиот/главниот подофицер**---------------------------------------- 16

**4. КАНАЛ ЗА ПОДДРШКА НА ПОДОФИЦЕРИТЕ**------------------------- 17

**4.1 Улога на каналот за поддршка на подофицерите во АРМ**------------------ 17
**4.2 Организација на каналот за поддршка на подофицерите**------------------ 18
**4.3 Функционирање на каналот за поддршка на подофицерите**-------------- 19

**5. ОБУКА**------------------------------------------------------------------------------- 20

**5.1 Менаџмент со обука**---------------------------------------------------------------- 20
**5.2 Одговорности на подофицерите во обуката**---------------------------------- 20
**5.3 Подофицерот како субјект во обуката**------------------------------------------ 20
5.3.1. Улога на подофицерите во планирање обуката---------------------------- 21
5.3.2. Улога на подофицерите во подготовка обуката--------------------------- 21
5.3.3. Улога на подофицерите во извршување обуката------------------------- 21
5.3.4. Улога на подофицерите во проценка обуката----------------------------- 21
**5.4. Подофицерите како објект на обуката** ------------------------------------------ 22

5.4.1 Образование и обука на подофицери---------------------------------------- 23
5.4.2 Фаза на иницијално образование и обука---------------------------------- 23
5.4.3 Фаза на напредно образование и обука-------------------------------------- 24
5.4.3.1 Напреден курс------------------------------------------------------------------- 24
5.4.3.2 Борбено-штабен курс ---------------------------------------------------------- 24
5.4.3.3 Курс за прв подофицер-------------------------------------------------------- 25
5.4.3.4 Стручно-специјалистички курсеви------------------------------------------ 25
5.4.3.5 Командно-штабен курс-------------------------------------------------------- 25
5.4.3.6 Курс за главни подофицери--------------------------------------------------- 25
5.4.4.Други форми на образование и обука на подофицерите------------------ 26
5.4.5 Изучување на странски јазици------------------------------------------------ 26

**6. ПОДОФИЦЕРСКИ ЧИНОВИ**------------------------------------------------ 26
**6.1 Потреба од измена на подофицерските чинови**------------------------------- 26
**6.2 Изглед на подофицерски чинови**------------------------------------------------ 28
**6.3 Изглед на означувањаподофицерски должности**------------------------------ 29

**7. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИ**---------------------- 29
**7.1 Оценување на подофицерите**------------------------------------------------------ 29
**7.2 Селекција на подофицери** ---------------------------------------------------------- 30
7.2.1. Процес на селекција----------------------------------------------------------------- 30
7.2.2. Тип на селекција--------------------------------------------------------------------- 31
7.2.2.1. Децентрализирана селекција---------------------------------------------------- 31
7.2.2.2. Централизирана селекција------------------------------------------------------- 31
**7.3. Комисија за селекција**---------------------------------------------------------------- 31
7.3.1 Нивоа за формирање на комисии------------------------------------------------- 31
7.3.1.1. Комисија на ниво на чета-------------------------------------------------------- 31
7.3.1.2. Комисија на ниво на баталјон--------------------------------------------------- 31
7.3.1.3. Комисија на ниво на бригада---------------------------------------------------- 32
7.3.1.4. Комисија на ниво на ЗОК, КзО и КЛ------------------------------------------ 32
7.3.1.5. Комисија на ниво на ГШ на АРМ---------------------------------------------- 32
**7.4. Унапредување на подофицерите** ------------------------------------------------- 32
**7.5. Поставувања – назначување на подофицерите**-------------------------------- 33
**7.6. Развоен пат на кариерата на подофицерите**------------------------------------ 33
7.6.1. Поимот кариера----------------------------------------------------------------------- 33
7.6.2. Концепт за развој на кариерата на подофицери------------------------------ 34
7.6.3. Прием во служба и произведување во подофицерски чин---------------- 34
7.6.4. Кариера на подофицерите во чин водник, ранг Е-5------------------------- 35
7.6.5. Кариера на подофицерите во чин постар водник, ранг Е-6--------------- 36
7.6.6. Кариера на подофицерите во чин постар водник 1 класа , ранг Е-7 и Е-7 А----------------------------------------------------------------------------------- 37
7.6.7. Кариера на подофицерите во чин заставник, ранг Е-8 и Е-8 А--------- 38
7.6.8. Кариера на подофицерите во чин заставник 1 класа, ранг Е-9 и Е-9 А------- 39
7.6.9. Можност за произведување во офицерски чин----------------------------- 40
7.6.10. Контролни точки за развој на кариерата на подофицери--------------- 40
Шема на развоен пат на кариерата на подофицерите--------------------- 41
**8. КАРИЕРА НА РЕЗЕРВНИ ПОДОФИЦЕРИ**--------------------------------- 42
**9. ТРАНЗИЦИЈА И ПРИЛАГОДУВАЊЕ ЗА ЦИВИЛНО ЗАНИМАЊЕ**------ 42
**10. ЗАКЛУЧОК**----------------------------------------------------------------------- 43

## ВОВЕД

Концептот обезбедува основни информации за професионалниот развој на подофицерите  во АРМ. Истиот го објаснува системското поставување на сите компоненти на професионалниот развој на подофицерите, заедно со потребната поддршка во законската регулатива.

По согледување на сите потреби, во темелна и целосна анализа и консултација на сите команди, единици и претставници на армиите на земјите членки на НАТО,  дадени се решенија за професионален развој на подофицерите и за воспоставување на подофицерски кор во АРМ.

Концептот го опфаќа периодот од селекција на професионални војници со чин десетар, како кандидати за Основен курс за подофицери (во понатамошниот текст ОКПОФ), сé до нивната највисока подофицерска позиција и чин. Причината за ова е потребата да се нагласи важноста за изградба на здрава и квалификувана основа за селекција на кандидати за подофицери.

Концептот обработува општи потреби, услови, ставови и критериуми за системско образование и обука на подофицерите со дизајнирање на потреби за имплементација на истиот.

Концептот не претставува финален документ, од причина што во текот на развојот  и трансформацијата на Армијата од почетокот до неговата целосна имплементација и воспоставување на сите сегменти, зависно од потребите, можни се негови измени и дополни.

Сите области се разработени врз база на досегашните позитивни искуства во Армијата и научени лекции, како и врз основа на позитивни искуства и резултати во армиите на земјите членки на НАТО.

Имплементацијата и легализацијата на наведените ставови и решенија од концептот се поддржани со измени и дополни на постоечките законски регулативи врз основа на посебни експертски анализи.

**И НАЈЛОШИОТ ДОКУМЕНТ КОЈ РЕГУЛИРА НЕКОЈА МАТЕРИЈА ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ЗА РАБОТА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА АРМ, АКО СЕ ПОЧИТУВА И ДОСЛЕДНО СПРОВЕДУВА ВО ПРАКСА ЌЕ ДАДЕ ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ.**

## 1. УЛОГА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПОДОФИЦЕРИТЕ

Досегашното дефинирање на улогата на подофицерите не овозможуваше искористување на нивното знаење и искуство стекнато со долгогодишната работа. Со пренагласување на улогата на офицерите, подофицерот беше запоставен. Заставникот, иако по многу години стекнато искуство, е третиран како подофицер кој веќе не е способен за работа и обично се одредувал на должности на кои не може да се искористи неговото искуство и знаење. Ваквиот однос придонел некои подофицери работниот век да го поминат без посебни ангажирања, делувајќи демотивирачки кај истите.

## 1.1. Улога на подофицерите во АРМ

Основната улога на еден НАТО интероперативен подофицер е спроведување на секојдневните обврски на вооружените сили врз основа на издадени наредби од офицерскиот кор.

Подофицерите се примарни тренери и главни носители на индивидуалната обука на војниците. Како искусни и компетентни ментори, вршат советување на потчинетите, го спроведуваат редот и дисциплината во единицата и се грижат за своите потчинети.

Подофицерите се најискусните и најкомпетентните војници во нивните единици, поседуваат врвни борбени и тактички вештини. Претставуваат пример за тоа како треба да изгледа еден војник.

Со своите вештини и лично искуство, со личен пример, подофицерите се и исклучителни лидери на своите војници, покажувајќи грижа за нив одлучно и сигурно ги водат во извршување на мисиите.

Со стекнатото искуство во индивидуалната обука и извршувањето на секојдневните задачи во единицата, подофицерите имаат улога на советници на претпоставените офицери по овие прашања.

Вака поставената улога на подофицерите се базира врз основа на следните препознатливи активности:

- командување со единицата;
- извршување на мисијата на единицата;
- воспоставување и извршување на стандарди во изведувањето на обуката;
- подготовка и извршување на мисијата на единицата;
- висока кооперативност и взаемна поддршка во подофицерскиот кор;
- планирање, употреба и грижа за потребните ресурси;
- остварување на висок степен на борбена готовност;
- обезбедување на услови за работа на потчинетите; и
- обезбедување на високо ниво на моралот на единицата.

За да можат успешно да одговорат на својата улога, подофицерите треба да ги поседуваат следните карактеристики:

- високи морални вредности;
- силни лидерски способности, втемелени врз градењето на професионален однос кон потчинетите и претпоставените;
- висока стручност во работата;
- менаџерски способности за реализација на обуката;
- способност за соодветно реагирање во кризни ситуации; и
- чувство за несебично служење на нацијата и патриотизам.

Со остварување на овие улоги, подофицерите претставуваат носечки столб на АРМ и ја постигнуваат потребната интероперативност според барањата на НАТО, потребни за учество во здружени активности.

### 1.2 Должности на подофицерите во АРМ

Должноста претставува законска и морална обврска што мора да се извршува според позицијата на која се поставени подофицерите во АРМ.

Постојат три вида на должности на подофицерите во АРМ:

- општи должности;
- посебни должности; и
- имплицирани должности.

#### *1.2.1. Општи должности*

Општите должности претставуваат обврска за секој подофицер во АРМ. Истите не се наведени во организациската структура на единицата и не се поврзани со формациската поставеност и ВЕС-т. Општите должности на подофицерите дефинирани се со директиви, правилници во АРМ и општи наредби, а се однесуваат на:

- раководење со воениот колектив;
- менаџмент со потчинетите;
- континуирана професионална едукација и усовршување;
- градење професионален однос;
- истакнување на лидерските способности во сите услови;
- доследна примена и почитување на прописите и правилата.

#### *1.2.2 Посебни должности*

Посебните должности се поврзани со работата и позицијата. Тие се директно поврзани со формациската поставеност, чинот, ВЕС-т, а се разликуваат за секоја позиција и формациска поставеност. Според организациско-формациската структура на силите, формациските места и позициите на подофицерите се клучниот фактор за професионалниот развој и можностите кои им ги нуди АРМ во нивната кариера. Како појдовна основа за пропишување на командните и штабни должности за формациските места на подофицерите во АРМ се земени:

- актот на формација на АРМ;
- систематизацијата на МО, ВА и ВБС.

Родовите и службите во АРМ одредуваат листа на должности, специфични за секој род и служба, а се групират во три основни групи:

- командни должности;
- штабни должности; и
- други должности.

##### *1.2.2.1 Командни должности*

Командните должности се клучна основа за професионалниот развој на подофицерите.

Врз основа на ваквата појдовна основа, секој подофицер, морал во текот на службата да извршува командни должности, како услов за

целосен професионален развој. Предвидени се следните командни должности:

а) командир на тим, секција;

б) командир на одделение; и

в) командир на вод.

**а) *Командир на тим и секција***

Оваа командна должност е прва командна должност на младите подофицери. Претставува предизвик за докажување на лидерските способности и покажување подготвеност за прифаќање на сите специфичности кои ги носи војничката кариера. Одговарајќи на обврските и должностите на оваа позиција, подофицерот како примарен тренер на тимот со кој командува, го гради и оспособува за извршување на мисијата и во најтешките услови. Успешноста при извршување на мисијата на тимот е основа за квалитетот на мисијата на целата единица.

***б) Командир на одделение***

Командирот на 1.; 2. или 3. одделение е најодговорен за обуката, безбедноста, здравјето и благосостојбата на војниците во одделението.
Примарна задача на подофицерот на оваа должност е спроведување на дневната обука, достигнување на бараните стандарди врзани за ВЕС на војниците.

Командирот на 2. и 3. одделение ја спроведува индивидуалната обука на војниците и колективната обука на ниво на тим и одделение.

Неговата основна одговорност е градење на компактноста на оделението, создавање силен, хомоген, обучен и способен колектив за извршување на мисијата. Во текот на целото време е присутна грижата за сигурноста во работата.

Командирот на одделение, заедно со неговите помлади водници и десетари се основни изведувачи на обуката на војниците.

***в) Командир на вод***

Оваа должност е за најдобрите млади подофицери по нивното докажување на лидерски спообсности, а по успешното извршување на должноста командир на одделение.

Овие подофицери имаат исти одговорности како и офицерите кои се на овие должности. Тие се одговорни за колективната обука на единицата и нејзината подготвеност за извршување на мисијата. Ова го постигнуваат со примена на стандардни оперативни процедури, организирање комплетен процес на менаџмент со обуката на водот и асистирање на командирот на четата во процесот на планирањето. Обезбедуваат услови за живот и работа на потчинетите и се грижат за нивната сигурност.

### *1.2.2.2 Штабни должности*

На овие должности се поставуваат подофицери кои претходно успешно извршувале должност командир на тим, одделение и вод. Во текот на извршувањето на овие должности, подофицерите се воведуваат во штабна и тимска работа и се стекнуваат со знаења и вештини за административно работење, техники на комуницирање, организациско-формациска поставеност на штабовите и односите во нив. Овие должности, подофицерите ги извршуваат од ниво на команда на чета до највисоките команди во Армијата.

Како посебна и нова штабна должност во АРМ, тесно поврзана со линијата на командувањето и нејзина поддршка, концептот предвидува воведување должност ‡ позиција прв односно главен подофицер. Оваа должност се воспоставува во чета како прв подофицер, а во баталјон, бригада, ЗОК и ГШ на АРМ како главен подофицер.

#### *а) Прв подофицер*

Должноста прв подофицер е на ниво на чета. Првиот подофицер во чета врши постројувања, раководи со командирите на 1. одделенија и командирите на 3.водови и му помага на командирот на чета при извршување на дневните активности на четата.

Основна должност на првиот подофицер во чета е обуката на војниците.

Преку програмата за професионален развој на подофицерите и професионалните војници, советувањата и издавањето на други упатства за работа, првиот подофицер во чета е најважниот ментор на потчинетите ‡ помладите подофицери и професионални војници.

#### *б) Главен подофицер*

Позицијата на главниот подофицер во повисоките единици е слична на позицијата на првиот подофицер во чета, што се однесува на улогата, должностите и одговорноста.

Главниот подофицер во баталјон, бригада и повисоко е подофицер од повисока категорија од останатите подофицери во единицата. Тој е ментор, обучувач и претставник на подофицерскиот/војничкиот кор. Неговата основна улога е да ги спроведува усвоените принципи и стандарди кои се однесуваат на извршувањето на задачите од страна на подофицерите/војниците, да се грижи за нивниот живот и благосостојба, како и за нивниот личен изглед.

Должноста ја остварува преку:

- советување и препораки на командантот и штабот за сите прашања поврзани за подофицерите/војниците и нивните семејства;
- придружување на командантот во контроли, посети и церемонии;
- асистирање во контроли на активностите на командата, објектите, персоналот;
- обезбедување почит на стандардите;
- советување и давање упатства на потчинетите во врска со извршување на задачите;

- обезбедување услови за прилагодување на нови членови во единицата;
- надгледување (контрола на обуката) или изведување обука кога е тоа потребно;
- проценување на обуката на сите нивоа и обезбедување повратни информации на командантите/командирите во врска со истата;
- поправни мерки за недостатоците на командирите, водачите и лицата кои го вршат оценувањето;
- асистирање во професионалниот развој на помладите офицери до ниво на чета;
- останати должности кои ќе му ги одреди комадантот.

*в) Главен подофицер на АРМ*

Главниот подофицер на АРМ е највисока подофицерска позиција во АРМ. Подофицерот поставен на оваа позиција, како најодговорен подофицер, го советува и му асистира на НГШ на АРМ, за прашања од доменот на подофицерскиот кор. Обезбедува информации за проблемите на подофицерите и професионалните војници поврзани за стандардите, професионалниот развој, оценувањето и напредувањето, моралот, обуката, платата, унапредувањето на квалитетот на живеење на подофицерите, професионалните војници и нивните семејства и предлага решенија за истите.

Користејќи го каналот за поддршка, главниот подофицер на АРМ ги информира подофицерите и професионалните војници за актуелните настани поврзани за нивните должности, одговорности и потреби. Преку главните подофицери во потчинетите единици, раководи со сите активности на подофицерскиот канал за поддршка. Исто така, остварува контакт со воени и цивилни организации по прашања од доменот на интересите на подофицерскиот кор.

### *1.2.2.3 Други должности*

Други должности кои можат да ги извршуваат подофицерите во АРМ и структурите на МО се:

- воено - дипломатски претставници;
- штабни подофицери во здружени команди и штабови на НАТО;
- логистички подофицери во командите и штабовите на АРМ и НАТО;
- стручно - специјалистички должности;
- наставни, соработнички и инструкторски должности.

Овие подофицери не мора да го следат развојот во кариерата по команден пат (не мора да ги поминат сите претходни командни должности). Значајно за кариерата на подофицерите со специфични занимања е дека мора да демонстрираат потенцијал потребен за зголемено ниво на одговорност. Поставувањата на овие подофицери ќе зависат од структурата на силите и потребите на Армијата.

### *1.2.3 Имплицирани должности*

Имплицираните должности обично не се напишани туку се апсорбирани од професионалното искуство на подофицерите. Имплицираните должности често ги поткрепуваат посебните должности, но во некои случаи тие може и да не се поврзани со барањата на ВЕС-т на работното место. Овие должности го подобруваат квалитетот на работењето и помагаат во функционирањето на единицата на одредено ниво. Истите зависат од индивидуалната иницијатива на подофицерите.

## 1.3 Одговорности на подофицерите во АРМ

Одговорноста претставува морален чин за постапките кои ги преземаат подофицерите во АРМ. Секој подофицер во АРМ е одговорен за тоа што ќе го направи или нема да го направи. Подофицерите се одговорни за исполнување не само на нивните индивидуални должности, туку се одговорни и за успешноста на нивните единици во реализирањето на поставените задачи.

Секој подофицер мора да се осигура дека војниците ги разбираат нивните одговорности како припадници на единицата, а воедно и како припадници на АРМ.

Дефинирани се два вида одговорности:

- индивидуална или лична одговорност; и
- колективна или командна одговорност.

### *1.3.1 Индивидуална или лична одговорност*

Подофицерите, како и останатите се одговорни за сопствените постапки и личното однесување. Секој подофицер мора јасно да ја разбере својата одговорност како лидер, како член на колективот и тимот и како претставник на АРМ. Покрај тоа подофицерот мора да се осигура дека неговите војници исто така го разбираат тоа.

### *1.3.2 Колективна одговорност*

Подофицерот исто така има и колективна или организациска одговорност која вклучува одговорност за организација и реализација на колективната задача ‡ задачата на единицата. Подофицерот е одговорен за тоа колку добро единицата ги реализира поставените задачи. Според оваа одговорност подофицерот мора да се грижи за подготовката и извршувањето на задачите од мисијата на единицата.

## 1.4 Овластувања на подофицерите во АРМ

Овластувањето е законски дадено право кое подофицерот го користи за командување со војниците или за преземање активности од доменот на неговите одговорности. Овластувањата на подофицерите се дел од линијата на командување или делегирани од страна на повисоки офицери или подофицери. Лидерите имаат право да пренесат дел од своите овластувања, на нивните потчинети, освен ако тоа не е ограничено со закон, со регулативи или од страна на претпоставените.

Концептот дефинира три видови овластувања:

- општи воени овластувања според чинот;
- командни овластувања според должноста ‡ функцијата; и
- овластувања дадени од претпоставениот.

### *1.4.1. Овластувања според чинот*

Општите воени овластувања претставуваат законски права произлезени од воената заклетва, чинот, позицијата, традициите и регулативите. Овие овластувања се користат од страна на сите подофицери за преземање чекори и активности во отсуство на претпоставен старешина. Ваквите овластувања на подофицерите им дозволуваат да преземат соодветни корективни мерки при кршење на редот и дисциплината. Се однесуваат на сите припадници на АРМ, и важат во секое време без разлика дали лицето е на должност или не, дали носи униформа или е во цивилна облека и без разлика на единицата на која и припаѓа и местото каде се наоѓа.

### *1.4.2. Командни овластувања*

Командните овластувања се оние кои подофицерите ги имаат над војниците врз основа на чинот и организациската поставеност. Подофицерите имаат командни овластувања својствени за нивната лидерската позиција.

### *1.4.3 Овластувања дадени од претпоставениот*

Честопати, во текот на извршувањето на должноста подофицерите ќе бидат овластени од своите претпоставени да извршат одредени активности со делегирање на одговорност. Овие овластувања ќе зависат од довербата на претпоставениот која ја има кон потчинетиот. Така, подофицерите кои поседуваат знаење, искуство, самодоверба, иницијатива и уживаат доверба кај претпоставениот може да очекуваат овластувања поголеми од редовните.

## 2. ОДНОС ОФИЦЕР - ПОДОФИЦЕР

При разбирањето на улогата, должностите и одговорностите на подофицерите непходно е да се согледаат разликите во функциите на офицерите и подофицерите. Подофицерите се примарно фокусирани на војникот и индивидуалната обука, додека офицерите се фокусирани на прашањата поврзани за колективната обука на единицата како и на планирањата на повисоко ниво.

Подофицерите работат со офицерите на планирање на задачите на единицата, особено на оние кои се однесуваат на индивидуалната обука и борбената готовност.

Поискусните подофицери, особено првите и главните подофицери, имаат улога на советници на офицерите. Советувањата се поврзани за прашања на нивните војници и подофицери, и на прашања каде

искуството на подофицерите може да придонесе за донесување на правилна одлука.

Целта на офицерите и подофицерите е иста, а тоа е реализација на мисијата на единицата.

Разликите помеѓу должностите на офицерите и подофицерите не се секогаш совршено јасни. Честопати, должностите се преклопуваат и се зголемуваат со поставувањето на подофицерите на повисоки должности. Координацијата на преклопувањата бара директна соработка на подофицерите и офицерите и на тој начин ја потпомага тимската работа и развојот на потчинетите.

Преклопувањата на должностите и координацијата помеѓу офицерите и подофицерите може да се види од работите што тие ги извршуваат.

Офицерите ги вршат следниве работи:

- командуваат, воспоставуваат политики, планови и програми за работа на армијата;
- се концентрираат на колективната обука што ќе овозможи остварување на мисијата на единицата;
- примарно се инволвирани во борбената готовност на единицата и нејзините задачи, обука и слични активности;
- посветуваат внимание на стандардите при работа и обука и професионален развој, како на офицерите така и на подофицерите;
- создаваат услови ‡ овозможуваат време и други расположиви ресурси ‡ за да подофицерите можат да си ја извршат работата; и ги поддржуваат подофицерите.

Подофицерите ги вршат следниве работи:

- ги спроведуваат секојдневните работни задачи во единиците на АРМ во рамките на воспоставените наредби, директиви и политики;
- покажуваат иницијатива и преземаат активности за комплетирање на мисиите дури и кога плановите на офицерите не се повеќе применливи;
- се фокусираат на индивидуалната обука што ги развива можностите за остварување на мисијата;
- примарно се инволвирани во вршење на обуката и раководењето на своите војници и одделенија;
- обезбедуваат супервизија, контрола и дисциплина кај војниците;
- одговорни се за одржување на борбената готовност и доверливост во однос на доделената опрема и појавата на недостатоци во работата;
- се концентрираат на стандардите при изведување на обуката и професионалниот развој на потчинетите подофицери и војници;
- ги спроведуваат и практикуваат стандардите за борбена и физичка подготвеност, редот и дисциплината;

- ги извршуваат наредбите од офицерите и подофицерите од каналот за поддршка;
- обезбедуваат комуникација помеѓу индивидуалниот војник и воената организација и
- ја извршуваат мисијата.

## 3. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЛИДЕРСКА ПОЗИЦИЈА

Во текот на извршување на должноста подофицерот често ќе биде во ситуација во отсуство на претпоставениот (од различни причини), да мора да ја преземе одговорноста која ја имал неговиот претпоставен.

Ова е посебно можно во ситуација на извршување на борбени мисии. Сложеноста на ситуациите во кои се изведуваат борбените мисисии укажуваат и за тежината на одговорноста која ја имаат претпоставените. Во таква ситуација подофицерот без можности за адаптација ќе биде присилен да прифати должност која од него бара многу повеќе знаење, одговорност и решителност.

Од овие причини подофицерот треба да е свесен за оваа потреба и да се подготвува за да може во целост да одговори на евентуалните потреби од прифаќање на ваков вид одговорност. Ова е посебно важно за подофицерите кои се на должност командир на 1. одделение.

### 3.1 Нагласување на должноста на командирот на 1. одделение

Позицијата на командирот на 1. одделение неопходно е посебно да се истакне. Командирот на 1. одделение е посебна позиција.

Посебноста на оваа позиција е потребата од преземање на одговорноста како командир на вод во случај на отсутност на командирот на водот. Затоа подофицерот на оваа позиција треба да биде подготвен во секој момент посебно при извршување на борбените мисии.

Командирот на 1. одделение по преземањето на командата во водот при отсуство на командирот на водот се здобива со иста одговорност како офицерот.

Според тоа, задачите на командирот на 1. одделение се преклопуваат со задачите на командирот на вод. Командирот на вод и командирот на 1. одделение мора меѓусебно да се разбираат и соработуваат. Во многу случаи командирот на 1. одделение има многу поголемо искуство од командирот на вод.

Тој со своето искуство треба секогаш да му помага на командирот на водот во раководењето и командувањето.

### 3.2. Улога на првиот/главниот подофицер

Воспоставување на каналот за поддршка на подофицерите условува воспоставување на должност прв/главен подофицер во единиците. Должноста на првиот/главен подофицер се воспоставува и е поддржана од линијата на командување. Оние подофицери кои покажуваат исклучителни морални и професионални квалитети и имаат стекнато

авторитет во единицата исполнуваат предуслов за успешно извршување на оваа должност. За оваа позиција се врши посебна обука.

На ниво на чета се нарекува **прв подофицер**, а на ниво на баталјон и повисоко оваа позиција се нарекува **главен подофицер.** Примарна улога на првиот/главниот подофицер е советник на претпоставениот за сите прашања поврзани за извршување на дневните активности и обуката. Првиот/главниот подофицер исто така има улога на супервизор на индивидуалната обука во единицата, ги регулира прашањата поврзани со војниците и подофицерите и нивните семејства, врши менторство на војниците и на подофицерите и извршува одредени административни функции како на пример оние поврзани со персоналот и пополнувањето на единиците. Заради тоа, за први подофицери се избираат најспособните подофицери во единиците.

Друга важна карактеристика за првиот/главниот подофицер е неговата улога во борба. Првите/главните подофицери продолжуваат да бидат витални советници на командантите, но исто така претставуваат позитивен пример за однесувањето на војниците во борба. Првите подофицери во баталјон и главните подофицери во бригада и повисоко редовно ги посетуваат своите потчинети единици го поттикнуваат моралот и борбениот дух кај војниците.

## 4. КАНАЛ ЗА ПОДДРШКА НА ПОДОФИЦЕРИ ВО АРМ

Каналот за поддршка на подофицерите во АРМ е паралелен со линијата на командување и служи за нејзина поддршка. Овозможува помош на подофицерите при извршувањето на задачите на различни рамништа и соработка помеѓу подофицерите и офицерите.

Градењето на позитивни односи помеѓу подофицерите и офицерите е услов за успешно извршување на мисиите. Успешните офицери секогаш имаат добри односи со своите поискусни подофицери.

Со стандардизација и формализирање на овој канал за поддршка на подофицерите, сите подофицери ќе можат да го разберат и да функционираат во него.

### 4.1.Улога на каналот за поддршка на подофицерите во АРМ

Улогата на каналот за поддршка на подофицерите во АРМ е овозможување на поефективно функционирање на синџирот на командување. Покрај ова каналот се користи за ефективно спроведување на политики и процедури во обуката за достигнување на поставените стандарди. Каналот за поддршка помага во брзо запознавање со наредбите на командантите, пренесување и имплементирање на истите.

Каналот за поддршка на подофицерите помага на линијата на командување во постигнувањето на следниве работи:

- пренесување, всадување и утврдување на професионална воена етика;
- планирање и спроведување на секојдневни операции во единицата;
- обука на војници во основни вештини и специјалности;

- надгледување на физичката подготвеност на единицата;
- учење за воени обичаи, култура и традиција;
- подготовка на војниците за задачите од мисијата на единицата;
- водење грижа за личната и колективна опрема и вооружување;
- водење документација и следење на програмата за професионален развој на подофицерите;
- давање совети и препораки на командантот при оценување, унапредување и изрекување дисциплински и стимулативни мерки.

### 4.2. Организација на каналот за поддршка на подофицерите

Организацијата на каналот за поддршка на подофицерите е дефинирана со организациско-формациската структура во АРМ. Каналот е организиран од првиот подофицер на најниското рамниште на хиерархијата, преку првите подофицери во единиците и главните подофицери во командите, сѐ до главниот подофицер на Армијата.

Каналот за поддршка е организиран така што ја следи линијата на командување во АРМ на секое рамниште. Неговата организација овозможува потполно да се покријат сите проблеми кои се појавуваат при раководење и командување со единиците. Со тоа, каналот во потполност ја остварува улогата на поддршка на линијата на командување.




Шема на меѓусебна поврзаност на линијата на командување и каналот за поддршка на подофицери

| ЛИНИЈА НА КОМАНДУВАЊЕ | КАНАЛ ЗА ПОДДРШКА НА ПОФ |
|---|---|
| 1 | 2 |
| ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РМ | |
| МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА | |
| НАЧАЛНИК НА ГШ НА АРМ | ГЛАВЕН ПОДОФИЦЕР ВО АРМ |
| КОМАНДАНТ НА ЗОК | ГЛАВЕН ПОДОФИЦЕР ВО ЗОК |
| КОМАНДАНТ НА БРИГАДА | ГЛАВЕН ПОФ ВО БРИГАДА |
| КОМАНДАНТ НА БАТАЛЈОН | ГЛАВЕН ПОФ ВО БАТАЛЈОН |
| КОМАНДИР НА ЧЕТА | ПРВ ПОФ ВО ЧЕТА |
| КОМАНДИР НА ВОД | КОМАНДИР НА 1.ОДЕЛЕНИЕ |
| КОМАНДИР НА ОДДЕЛЕНИЕ | |

Организација на каналот за поддршка на подофицери

**4.3. Функционирање на каналот за поддршка на подофицерите**

Каналот за поддршка на подофицерите во АРМ е самостоен, но не и независен канал. Подофицерите треба да ја информираат линијата на командување за сите работи кои се имплементираат низ каналот за поддршка.

Функционира самостојно во согласност со утврдени политики и директиви за мисијата на единицата дадени од командата.

Функционирањето на каналот е насочено кон успешно решавање на сите настанати проблеми при извршувањето на задачите, а со помош и соработка на постарите и поискусни подофицери кои за тоа се овластени од страна на командантите.

Евентуалните проблеми кои ги надминуваат овластувањата на подофицерите од каналот за поддршка се изнесуваат пред линијата на командување и се решаваат со заедничка заложба. Овој канал за поддршка ги сведува сите конфликти на минимум и овозможува нивно правилно решавање.

Врската помеѓу линијата на командување и каналот за поддршка на подофицерите се првите и главните подофицери. Офицерите издаваат наредби преку линијата на командување, а првите и главните подофицери, делегирани од офицерите, ги обработуваат, разбираат и успешно имплементираат преку каналот за поддршка.

Функционирањето на каналот за поддршка започнува со главниот подофицер во Армијата и преку главните подофицери во бригадите и баталјоните, првите подофицери во четите, командирите на 1. одделенија и командирите на 3.водови до командирите на одделнија и тимови и војниците во тимовите.

Подофицерите од каналот за поддршка не се дел од формалната линијата на командување, но офицерите треба да бараат совети од подофицерите за сите работи поврзани за одговорностите на подофицерите и војниците.

# 5. ОБУКА

## 5.1. Менаџмент со обуката

Менаџментот со обуката во АРМ дефинира четири основни целини и тоа:

- планирање;
- подотовка;
- извршување и
- проценка.

Во сите овие целини подофицерите се вклучени според нивната дефинирана улига, должности и одговорности во АРМ. Подофицерите се во две општи корелации со системот на менаџментот со обуката во АРМ и тоа како предмет на обука и како субјект во обуката

## 5.2. Одговорности на подофицерите во обуката

Со поставеноста на должностите и одговорностите на подофицерите дефинирана е и нивната улога во обуката. Подофицерот има улога на примарен тренер и улога на советник на офицерите за колективната обука. Одговорноста се огледа во обврската за континуирана процена, утврдување на потребите за обуката и достигнување и одржување на стандардите. Секој подофицер лично е одговорен за индивидуалната обученост на војниците и обученоста на формациите со кои командува. Својата улога во обуката подофицерите ја остваруваат преку:

- непосредно учество во планирањето на обуката;
- непосредно изведување на обуката на војниците;
- грижа за проблемите на војниците;
- поставување на личен пример.

Покрај личната, подофицерот има и колективна одговорност. Како член на колективот одговорен е за обуката и кога не е на лидерската позиција и затоа има обврска да презема активности кои ќе ја поттикнуваат и развиваат изведбата на задачите кај војниците.

## 5.3 Подофицерот како субјект во обуката

Во процесот на менаџментот со обуката, подофицерите, како субјект имаат активна улога. Како непосредни извршители на обуката, подофицерите го разбираат менаџментот со обуката, комплетно го владеат и активно се вклучуваат во сите негови фази и тоа: планирање, подготовка, извршување и процена.

Во обуката подофицерите ја имаат улогата на примарни тренери на војниците преку изведувањето индивидуална обука со војниците, како и колективната обука на тим, одделение, секција. Својата улога ја извршуваат како командири на тимови, одделенија, секции. Во исклучителни ситуации, зависно од способноста на ПОФ, може да биде и во улога на командир на вод.

### *5.3.1. Улога на подофицерите во планирање на обуката*

Во процесот на планирање подофицерот зема активно учество во рамките на неговата одговорност, врз основа на мисијата на единицата' активен е во одредување на индивидуални и колективни задачи за обука на војниците и одделението, наведени во мисијата и активно учествува во утврдување на потребните ресурси за изведување на поставените задачи.

Командирите на првите одделенија  и првиот подофицер во четата им помагаат на потчинетите подофицери во развивањето на индивидуалните задачи за обука на војниците и развиваат задачи за обука на подофицерите.

### *5.3.2. Улога на подофицерите во  подготовка на обуката*

По планирањето, подготовката е битен чекор за изведување на обуката. Целосно спроведена подготовка е предуслов за добро подготвен изведувач/инструктор, подготвеноста на објектите, опремата и средствата за обука.

Добрата и правилна подготовка на изведувачите/инструкторите им влева самодоверба во нивните знаења и способности да обучуваат други. Подготовката се дефинира како лична, материјална и подготовка на персонал за поддршка (маркиранти, помошници во обуката, оценувачи или контролори).

По извршените подготовки, подофицерите вршат проверка пред извршување на обуката. Ова е неформална активност. Со проверката пред извршување на обуката се стекнува увид во целокупнатаподготвеност на сите учесници вклучени во изведувањето на обуката и потребните наставни средства.

### *5.3.3. Улога на подофицерите во  извршување на  обуката*

Како примарна мисија на секоја единица и како значајна фаза на менаџментот со обуката, е нејзиното извршување. Успешноста во оваа фаза пред сé зависи од добро планирање и успешните подготовки на сите учесници во изведувањето на обуката.

Подофицерот има примарна улога во изведувањето на обуката. Како непосреден изведувач обезбедува обука со спроведување на поставените стандарди.

| |
|---|
| ***ОБУКАТА ТРЕБА ДА БИДЕ РЕАЛНА, ДА СЕ СПРОВЕДУВА ВО УСЛОВИ ПРИБЛИЖНИ ИЛИ ИСТИ НА ОНИЕ ВО БОРБА. ЛИДЕРИТЕ МОРА ДА СЕ ОСИГУРААТ ДЕКА ВОЈНИЦИТЕ СЕ ЕФЕКТИВНИ ВО ОБУКАТА*** |

### *5.3.4. Улога на подофицерите во проценка на обуката*

По секое извршување на обуката неопходно е да се изврши процена на извршената задача со споредување на поставените и достигнатите стандарди.

Како непосреден изведувач подофицерот е обврзан континуирано да врши процена на обученоста на своите војниците и да презема мерки за подобрување на истата. За војниците кои не ги исполнуваат стандардите, дополнително да обезбеди време за дообука, сѐ до постигнување на бараните стандарди.

### 5.4. Подофицерите како објект на обуката

Програмата за образование и обука на подофицерите во АРМ произлегува од Стратегијата за обука во АРМ, а во согласност со бројните показатели утврдени како проекција во Стратегискиот одбранбен преглед.

Обуката на подофицерите претставува секвенционален и последователен процес на стекнување на знаења и вештини, подобрување на способности, за извршување на одредени задачи, мисии, дефинирани со борбената намена на единицата.

Подофицерите својот професионален развој го остваруваат преку три облика на образование и обука и тоа:

1. Институционално образование и обука;

   -организиран облик на образование и обука во рамките на армиските образовни институции: школи, курсеви и семинари.

2. Искуство стекнато во оперативните единици;

   -при извршување на секојдневните обврски и задолженија, учество во операции, вежбовни активности во земјата и странство.

3. Преку самообразование;

   -во школи и образовни институции надвор од армијата, со вонредно школување, семинари, курсеви, дописни школи и слично.

Во делот на Концептот за развој на кариерата на подофицерите е објаснет професионалниот развој на подофицерите преку формите на институционалната обука.




Шематски приказ на професионалниот развој на подофицерите

### *5.4.1 Образование и обука на подофицери*

Во функција на остварување на улогата на подофицерите во АРМ, во текот на нивниот професионален развој, образованието и обуката предвидува две одвоени фази и тоа:

- фаза на иницијално образование  и обука;
- фаза на напредно образование и обука.

### *5.4.2 Фаза на иницијално образование и  обука*

Оваа фаза на обука претставува обука за произведување од војнички во подофицерски чин преку основниот курс за подофицери.

Основниот курс за подофицери претставува финален дел на процесот на селекција и подготовка на професионалните војници за подофицери. Кандидатите за овој курс се професионални војници, со чин десетар и завршен примарен курс за лидери. Основниот курс за подофицери се реализира во три модули:

а) прв модул: -лидерски дел;

Во лидерскиот дел кандидатите се стекнуваат со општи лидерски вештини на водење на мали групи до ниво на одделение. По овој дел на курсот кандидатите се произведуваат во чин помлад водник со ознака Е-4.

б) втор модул: - стручно-специјалистички дел;

По завршувањето на првиот модул кандидатите продолжуваат со стручно-специјалистичка обука за одреден род и служба.

в) трет модул: - практична обука - стажирање.

По завршувањето на стручно-специјалистичкиот дел на курсот, кандидатите одат на стажирање во единица, соодветна на нивната специјалност. Во текот на стажирањето ги покажуваат стекнатите знаења и вештини и искажуваат потребно ниво на способности за лидерство. Командирите и командантите на единицата во која стажира кандидатот за подофицер ја следат работата и до Командата на курсот доставуваат оценка за успешноста на кандидатот во работата. На крајот на стажирањето, и по исполнувањето на условите, кандидатот за подофицер се промовира во  основниот подофицерски чин  водник (Е‡5) на соодветниот род ‡ служба и се распоредуваат на должности во МО и АРМ. По промовирање во овој чин се поставуваат на должност командир на 2. и 3. одделение.

Со основниот подофицерски курс завршува првата фаза на образование и обука на професионалните војници како кандидати за подофицери.

### *5.4.3. Фаза на напредно образование и обука*

Оваа фаза претставува образование и обука во функција на професионалениот развој на подофицерите. Ова образование и обука ги следи потребите на подофицерите за прифаќање на повисоки и поодговорни должности во единиците. Тоа е фаза за дополнување на технички и тактички знаења и вештини и развивање лидерски способности за должности како што се први и главни подофицери, штабни должности и слично.

Во текот на обуката во професионалниот развој подофицерите се стекнуваат со два типа на знаења и тоа:

- ***општи знаења***: тактики, техники и вештини за раководење со организациски целини, техники за решавање проблеми, менаџмент со обуката, времето и ризикот, вештини на комуникација, административно работење и други знаења и вештини потребни за успешно одговарање на барањата дефинирани со нивните улоги, должности и одговорности во единиците;
- ***стручни знаења*** и вештини специфични за одредена област од род или служба на која ѝ припаѓа подофицерот.

Оваа фаза ги предвидува следните курсеви:

- напреден курс;
- борбено-штабен курс;
- курс за прв подофицер во чета;
- стручно-специјалистички курсеви (за секој род и служба посебно);
- командно-штабен курс; и
- курс за главен подофицер.

#### *5.4.3.1. Напреден курс*

Кандидати за овој курс се подофицери кои поминале минимум 3 години во чин Е-5 и извршувале должност командир на 2. и 3. одделение во род и служба. На овој курс подофицерите се подготвуваат за должност командир на 1. одд. и 3. вод и во команда на чета. По завршување на овој курс се унапредуваат во Е-6.

#### *5.4.3.2. Борбено-штабен курс*

Борбено-штабниот курс претставува обука на подофицерите за штабна работа на ниво на баталјон и бригада. Кандидати за овој курс се подофицери со чин постар водник и со ранг Е-6. Услов е завршен прв напреден курс и поминати должности: командир на одд. или командир на 3. вод и работа во команда на чета. По завршување на овој курс подофицерите се унапредуваат во чин постар водник 1. класа, ранг Е-7 и се поставуваат на работа во команда на чета и штабни должности на ниво на баталјон.

##### *5.4.3.3. Курс за прв подофицер*

Курсот за прв подофицер обезбедува ниво на знаења потребни за извршување на должноста на првиот подофицер во чета. Кандидати за овој курс се подофицери постар водник 1. класа со ранг Е-7 кои имаат завршено напреден и борбено-штабен курс, на кои искажале посебни резултати и лидерски квалитети и задолжително да извршувале должност командир на 1. одделение и 3. вод најмалку по 2 години. По завршување на овој курс подофицерите се поставуваат на должност прв подофицер во чета и се стекнуваат со ранг Е-7 А.

##### *5.4.3.4. Стручно-специјалистички курсеви*

Стручно-специјалистичките курсеви од сите родови и служби се организираат според потребите на секој род и служба за стручно усовршување на подофицерите. Овие курсеви се поврзани со развој и модернизација на воената техника и доктрина. Наменети се за оспособување и подобрување на извршувањето на оперативни задачи во единиците. Се организираат на различни рамништа на курсирање. Содржините, времетраењето и фреквенцијата на секој курс поединечно се одредува според потребата на родот и службата по посебни програми.

Овие курсеви не се поврзани во системот како условно-последователен процес во унапредувањето на подофицерите, но претставуваат важен услов во процесот на селекција при нивниот професионален развој.

##### *5.4.3.5. Командно-штабен курс*

Командно-штабниот курс дава знаења и вештини од доменот на оперативно-штабни должности и одговорности на рамниште на бригада и повисоко. Кандидати за овој курс се подофицери со чин постар водник 1. класа, ранг Е-7 и ранг Е-7А. Како услов кандидатите треба да извршувале должност командир на 1. одделение, командир на 3. и 4. вод и работа во командата на чета и оперативно-штабни должности во баталјон. По завршувањето на овој курс подофицерите се унапредуваат во чин заставник со ранг Е-8.

По завршувањето на овој курс подофицерот кој постигнал исклужително висок успех и извршувал должност командир на 1. одделение и 3.вод, завршил курс за прв подофицер и извршувал должност прв подофицер во чета, се поставува на должност главен подофицер во баталјонот и добива ранг Е-8А.

##### *5.4.3.6. Курс за главни подофицери*

Курсот за главен подофицер се организира за подготовка за извршување должност главен подофицер и штабни должности во бригада и повисоко. Кандидати за овој курс се подофицери со чин заставник со ранг Е-8 и Е-8А. По завршувањето на овој курс подофицерите се промовираат во чин заставник 1. класа со ранг Е-9. Само најдобрите и најуспешните се поставуваат на должност главен подофицер и добиваат ранг Е-9А.

Заради малиот број на лица како кандидати за овој курс, кандидатите се праќаат во академиите за подофицери во армии на земјите членки на НАТО.

### *5.4.4. Други форми на образование и обука на подофицерите*

Обучувањето за извршување на задачите ќе се спроведува и низ други форми преку предавања, советувања, курсеви, семинари, работилници, тренажи, вежби и сл. Организацијата и реализацијата на обуката ќе се врши во центрите за обука на Командата за обука, и во останатите центри за обука на Армијата во Република Македонија, како и во центрите за обука во земјите членки на НАТО и Партнерството за мир.

### *5.4.5. Изучување на странски јазици*

Посебно значаен сегмент во стручното усовршување на подофицерите претставува изучувањето на странските јазици.
На изучувањето на странски јазици во МО и АРМ ќе се посвети засилено внимание. За реализација на оваа активност во целост КзО ќе остварува соработка со Воената академија, во однос на капацитетите (кабинети и наставнички персонал).

Програмата за изучување на странски јазици предвидува изучување на јазици кои се користат во НАТО (пред сѐ англискиот) и на оние за кои е искажана потреба. Програмата е изготвена согласно определбите во Стратегијата за менаџмент со персоналот, со кое се дефинира начинот на кој се врши селекцијата на лицата кои ќе се упатуваат на обука за изучување странски јазици; стекнување нови и обновувањето на претходоно стекнатите знаења.

## 6. ПОДОФИЦЕРСКИ ЧИНОВИ

Улогата на подофицерот во Армијата како примарен носител на одговорноста за индивидуалната обука и како основен тренер на војниците, наложува посебно место на подофицерот во структурата на Армијата. Во истакнувањето на значењето на улогата на подофицерите во Армијата придонесуваат повеќе фактори, од кои може да се издвојат обележувањето и означувањето на чиновите и позициите на подофицерите.

### 6.1. Потреба од измена на подофицерските чинови

Трансформацијата на АРМ во мала, современа и потполно професионална Армија, компатибилна со армиите на земјите членки на НАТО бара измени во повеќе сфери на организацијата на Армијата. Покрај другите промени заради недоволна компатибилност на означувањата на подофицерите во склад со нивната нова улога, должности и одговорности, се подразбираат и промени на сегашните чинови и означувањата на подофицерите. Измената е условена од следното:

- утврдување нови должности и одговорности на подофицерите во АРМ;
- сличноста на постоечките подофицерски чинови со офицерските;
- отежната препознатливост;
- несоодветната местоположба на униформата;
- усвојување на нови стандарди за униформи и
- постигнување компатибилност со армиите на земјите членки на НАТО.

Согледувајќи ја горенаведената состојба, како и новата улога, должностите и одговорностите на подофицерите, концептот ги утврдува следните подофицерски чинови:

| **Реден број** | **Чинови** | **Ранг** | **Должност** |
|---|---|---|---|
| 1. | водник | Е – 5 | к-дир на 2. или 3. одделение |
| 2. | постар водник | Е – 6 | к-дир на 1.одд. или 3.вод; к-да во чета; инструктор во регрутен центар |
| 3. | постар водник 1. класа | Е – 7 | к-да во чета; штаб во баталјон и бригада, инструктор во школа за подофицери |
| 4. | заставник | Е – 8 | штаб во бригада и повисоко |
| 5. | заставник 1. класа | Е – 9 | штаб во бригада и повисоко. |

### 6.2. Изглед на  подофицерски чинови



Е-5 Водник



Е-6 Постар водник



Е-7А Постар водник 1 класа



Е-8  Заставник



Е-9  Заставник 1класа

Истакнувајќи ја улогата на подофицерите во структурата на Армијата, како носители на секојдневните активности, со одговорност за индивидуалната обука и како основни тренери на војниците, Концептот утврдува должности на подофицерите со посебни означувања и тоа:

| **Реден број** | **Чинови** | **Ранг** | **Должност** |
|---|---|---|---|
| 1. | постар водник 1. класа | Е – 7А | прв подофицер  во чета |
| 2. | заставник | Е – 8А | главен подофицер во баталјон |
| 3. | заставник 1. класа | Е – 9А | главен подофицер во бригада, ПВ, ПСО, ВИНГ и самостоен баталјон |
| 4. | заставник 1. класа | Е – 9А | главен подофицер во на  ЗОК, КзО и КЛ |
| 5. | заставник 1. класа | Е – 9А | главен подофицер на АРМ |

*6.2. Изглед на означувања за подофицерски должности*



Е-7А Постар водник. 1. кл
(Прв Поф на чета)



Е-8 А Заставник
Главен Поф
во баталјон



Е-9А Заставник 1.кл
Главен Поф. во пСН,
вВИНГ и мпбр



Е-9А Заставник 1.кл
Главен Поф на ЗОК,
КзО и КЛП



Е-9А Заставник 1. кл
Главен Поф на АРМ

Дефинирањето на квалитетот на изработката, материјалите, начинот на изработка, димензиите и местоположбата на носењето на чиновите и ознаките се дефинираат со Правилник за униформи.

## 7. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ПОДОФИЦЕРИ

### 7.1. Оценување на подофицерите

Успешен модел за професионален развој претпоставува сеопфатен и континуиран процес за оценување. Процесот на оценување ги дефинира принципите на лидерството, карактерните особини, улоги, должности и одговорности. Основата на овој процес е одредувањето на перформанси и потенцијал за успешно извршување на поставените задачи поврзани за одредена должност.

Процесот за оценување ги идентификува подофицерите кои се најквалификувани за поставување на одредени должности и заслужни за унапредување.

Успешното функционирање на процесот за оценување претпоставува спроведување на стандардизирана обука за оценување на сите учесници во оценувањето. Овој процес мора да ги следи сите промени во професионалниот развој на подофицерите.

Оценувањето на подофицерите се врши според Правилникот за службено оценување на офицери, подофицери и професионални војници на служба во АРМ.

**7.2.Селекција на подофицери**

Селекцијата на подофицерите се базира на правичност, транспарентност и овозможување еднакви можности за сите. Процесот на селекција за унапредување во чин се одвива според Законот за служба во АРМ и Правилникот за унапредување.

***7.2.1. Процес на селекција***

Изградбата на способен и компетентен подофицерски кор во АРМ условува развивање стандардизиран процес на селекција. Процесот на селекција на подофицерите содржи методи и облици кои се темелат на пропишани критериуми и стандарди дефинирани со улогата и должностите на подофицерите во АРМ.

Процесот на селекција е збир на активности со услови и стандарди насочени кон квалитативно дефинирање на посакуван профил на подофицери. Овој процес се заснива на правичност, транспарентност и овозможување еднакви можности на сите. Селекцијата е во функција на постигнување на поставените стандарди за постигнување на бараната борбена готовност на Армијата.

Селекцијата на кандидати за произведување во подофицерски чин се врши исклучиво од редовите на професионалните војници. Се спроведува преку селектирањето на професионалните војници за првиот војнички чин, нивното селектирање за кандидати за произведување во подофицерски чин и селекција која се врши во текот на професионалниот развој на подофицерите.

Селекцијата се врши за:

- прием во служба;
- унапредување во повисок чин;
- поставување на должност;
- упатување на школување и др.

Целосното дефинирање на условите и стандардите за селекција на сите рамништа се дефинира со посебен Правилник за селекција.

При селекцијата се земаат предвид следните карактеристики:

- психичка способност;
- физичка подготвеност;
- степен на едукација за активноста;

- степен на обученост и извежбаност;
- оценка од претпоставениот за постигнати резултати;
- препорака од првиот подофицер.

### *7.2.2. Тип на селекција*

Концептот предвидува два типа на селекција и тоа:

- децентрализирана селекција; и
- централизирана селекција.

#### *7.2.2.1. Децентрализирана селекција*

Децентрализираната селекција е процес кој се одвива при селектирање на професионални војници во единиците до ниво на чета. Селекцијата се врши за унапредување, поставување, школување на професионални војници од чин Е-1(регрут-војник) во центрите за обука и за Е-2 (специјалист), Е-3 (десетар) и Е-4 (помлад водник) во единиците. Со овој тип на селекција на единиците им се овозможува сами да ги селектираат најквалитетните кадри за своите потреби.

#### *7.2.2.2. Централизирана селекција*

Централизираната селекција е процес кој се одвива при селектирање на подофицерите во единиците од ниво на баталјон до бригада, ЗОК, КзО, КЛ и ГШ на АРМ. Селекцијата се врши за унапредување, поставување, школување на подофицерите од чин Е-4 (помлад водник) до Е-9 (заставник).

## 7.3. Комисија за селекција

Комисијата за селекција е тело составено од компетентни лица за спроведување на критериумите за селекција за одредено ниво. Комисијата за селекција работи според Правилник за селекција на подофицери и професионални војници и составува ранг листа на кандидати.

Четата е најниско ниво за формирање на комисија.

### *7.3.1. Нивоа за формирање на комисии*

#### *7.3.1.1. Комисија на ниво на чета*

- *состав на комисија за избор на Е-2, Е-3 и Е-4*
  - *прв ПОФ на чета;*
  - *командир на чета;*
  - *командири на водови и*
  - *командири на 1. одделенија*

#### *7.3.1.2. Комисија на ниво на баталјон*

- *состав на комисија за избор на Е-5 и Е-6*
  - *главен ПОФ во баталјон;*
  - *први ПОФ во чета;*
  - *командант на баталјон; и*
  - *командири на чета.*

#### *7.3.1.3. Комисија на ниво на бригада*

- *Состав на комисија за избор на Е-7*
  - *главен ПОФ во бригада;*
  - *главен ПОФ во баталјон;*
  - *командант на бригада;*
  - *командант на баталјон;*

#### *7.3.1.4. Комисија на ниво на ЗОК*

- *Состав на комисија за избор на Е-8 и Е-8А*
  - *главен ПОФ во ЗОК;*
  - *главен ПОФ во бригада;*
  - *командант на ЗОК;*
  - *командант на бригада;*

Комисија на ниво на КзО и КЛ се формира со членови од исти или слични функции дадени во комисијата на ниво на ЗОК.

#### *7.3.1.5. Комисија на ниво на ГШ на АРМ*

- *Состав на комисија за избор на Е-9 и Е-9А*
  - *ЗНГШ*
  - *главен ПОФ на ГШ на АРМ;*
  - *началник на Г-1 на ГШ на АРМ*
  - *главен ПОФ од ЗОК;*
  - *главен ПОФ од КзО;*

Паралелно со процесот на селекција на персоналот за унапредување, поставување и школување за повисоки должности, се одвива и процесот на селекција на персоналот кој не ги задоволува критериумите за продолжување на службата во АРМ. Овој процес исто така се одвива според критериумите дадени во Правилникот за селекција на подофицери и професионални војници. Критериумите се транспарентни и јавно се објавуват и со истите се информираат сите подофицери и професионални војници во АРМ.

### 7.4. Унапредување на подофицерите

Унапредувањето на подофицерите треба да биде како последица и резултат на темелен и континуиран процес на оценување и прецизна селекција врз основа на проверени критериуми.

Унапредувањето на подофицерите во повисок чин се реализира врз база на утврдените потреби на командите и единиците на АРМ, а во согласност со Законот за служба во АРМ и Правилникот за начинот на унапредување офицери и подофицери во повисок чин. Унапредувањето на подофицерите, како основа за развој на кариерата, е чувствителен сегмент и ги дефинира сите елементи кои влијаат на селекцијата на подофицери. Одговорноста и транспарентноста за унапредувањето ја имаат комисиите за унапредување и одговорните авторитети што ги одобруваат листите за унапредување.

### 7.5. Поставувања - назначување на подофицерите

Поставувањата на подофицерите се вршат според услови и стандарди утврдени со организациско-формациската структура. За секое поставување потребно е претходно стекнување одредена квалификација за формациска должност. Во исклучителни околности може да биде извршено поставување без стекната квалификација, но со услов на стекнување на квалификацијата во законски одреден рок.

Задржувањето на одредена должност е дефинирано со процесот за развој на кариерата на подофицерите.

### 7.6. Развоен пат на кариерата на подофицерите

#### *7.6.1. Поимот кариера*

Поимот кариера на подофицерите подразбира процес на движење на подофицерите по хоризонтална и вертикална линија во службата преку чиновите и должностите, утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Македонија, актите за формација на командите и единиците на АРМ, систематизацијата на МО, ВА и ВБС и други акти.

Имајќи предвид дека подофицерите се селектираат од составот на професионалните војници, нивната кариера започнува од самиот прием како професионални војници на служба во Армијата.

Развојот и унапредувањето на професионалните војници, сé до произведување во првиот подофицерски чин, претставува иницијална фаза во развојот на подофицерите, а продолжува преку професионален развој и унапредување на подофицерите, сé до престанокот на служба во Армијата.

Професионалниот развој и напредувањето на подофицерите се базира на три основи: институционална обука, оперативни задачи и саморазвивање.

Единствена цел на наведените основи е да се развијат подофицери способни да обучуваат и да го одржуваат нивото на обученоста, како основен фактор на борбената готовност на Армијата.

Моделот за развој на професионалната кариера на подофицерите ги дефинира потребата од институционална обука, оперативните активности и саморазвивањето.

Овој модел ги користи сите горенаведени облици на развој, со што овозможува правилен професионален развој на секој подофицер. Моделот содржи планирани, прогресивни и последователни активности на едукација и обука.

При дефинирањето на развојната кариера на подофицерите во овој концепт, приоритет е даден на општиот развој, додека специфичните потреби на одреден род/служба се дефинирани како општ услов без детална разработка.

Развојот на одредени програмски содржини со стандарди за специфичностите на родот/службата, се обврска на носителите на овие активности на родовите и службите во Армијата.

На професионалниот развој на кариерата на подофицерите влијаат повеќе фактори од кои најважни се:

- потребите на Армијата;
- потребите, вредностите и можностите на подофицерите за напредување;
- структурата на силите (формациски места);
- политиката на кариера, процедури и регулативи;
- технолошкиот напредок; и
- буџетските ограничувања.

Моделот за професионален развој на подофицери е стандардизиран процес и обезбедува подеднакви можности во кариерата за школување и обука, за поставување на должност и унапредувања.

### *7.6.2. Концепт за развој на кариерата на подофицерите*

Концептот за развој на кариерата на подофицерите ообезбедува рамнотежа помеѓу потребите на командите и единиците на АРМ, а воедно создава и можности за личен развој на подофицерите во службата. Концептот за развој на кариерата на подофицерите се заснова на следните основи:

- акти за формација на командите и единиците на АРМ, систематизацијата на МО, ВА и ВБС и други акти;
- концептот за професионален развој на подофицерите;
- системот за оценување;
- децентрализирана селекција од Е-1 до Е-4, централизирана селекција од Е-5 до Е-9 и постоење на комисии за селекција и
- правилник за селекција.

### *7.6.3. Прием на служба и произведување во подофицерски чин*

За првиот подофицерски чин, водник, ранг Е-5 се селектираат професионални војници со чин десетар, ранг Е-3 и се упатуваат на школување и стручно оспособување на Основениот курс за подофицери (ОКПОФ).

Произведувањето во чинот водник, ранг Е-5 се врши на следниот начин:

Кандидатите за подофицери со чин десетар, ранг Е-3, го завршуваат лидерскиот дел од ОКПОФ и се унапредуваат во чин помлад водник, ранг Е-4.

По произведувањето во ранг Е-4, помладите водници продолжуваат со школување на вториот дел односно стручно-специјалистичкиот дел од обуката на ОКПОФ, обуката за одреден род и служба по соодветна програма.

По завршувањето на стручно-специјалистичкиот дел на ОКПОФ, професионалните војници со чин помлад водник, ранг Е-4, се упатуваат на стажирање во основните единици, соодветно на нивната специјалност, како подофицер приправник.

Стажирањето се извршува во период до 6 месеци. Во текот на стажирањето кандидатот ги покажува стекнатите знаења и вештини и искажува потребно ниво на способности за лидер.

Командирите и командантите на единицата во која стажира кандидатот за подофицер ја следат неговата работа и за истата доставуваат оценка до Командата на курсот.

На крајот на стажирањето и по исполнувањето на условите, кандидатот за подофицер се произведува во првиот подофицерски чин **водник, ранг Е-5**, на соодветен род ‡ служба и се поставува на должност во единиците на АРМ.

На кандидатите кои ќе бидат произведени во чин водник им се дава можност за стапување во активна служба во АРМ (засновање на работен однос на определено време).

Кандидатите кои нема да ги исполнат условите за завршување на курсот, а ги завршиле првиот и/или вториот дел, се враќаат во матичните единици на должност која претходно ја извршувале, со чин помлад водник, ранг Е-4.

Истите може повторно да бидат селектирани за кандидати за следен ОКПОФ. Тие продолжуваат да ја извршуваат должноста во матичната единица до истекот на договорот.

### *7.6.4. Кариера на подофицери во чин водник, ранг Е-5*

Оваа фаза во развојот на кариерата на подофицерите, по произведувањето во чинот водник, трае до 10 години. Почнува од произведувањето во чин водник, ранг Е-5 и потпишувањето на првиот договор, како подофицер, со МО на РМ за служба во АРМ, а завршува со изборот на кандидати за унапредување во чин постар водник, ранг Е-6. Оние подофицери, кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин постар водник, ранг Е-6, остануваат во служба се до истекот на 10 години од унапредувањето во чин водник, ранг Е-5.

Новопроизведените подофицери од родовите и службите на АРМ, со чин водник, ранг Е-5, засновуваат работен однос на определено време со потпишување на договор со МО на РМ за служба во АРМ на 10 години.

Во чин водник, ранг Е-5, подофицерите се задржуваат минимум 3 години. Од подофицерите со поминати 3-8 години во чин водник, ранг Е-5, се селектираат кандидати за Напреден курс за подофицери (НКПОФ) за извршување на должност командири на 1.одделенија и 3.водови и должности во к-да на чета.

Подофицерите со чин водник, ранг Е-5, кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин постар водник, ранг Е-6, по поминати 8 години во чинот, се ставаат на програмата за преквалификација за цивилно занимање. На овие подофицери по завршувањето на договорот, на крајот од 10-тата година им престанува службата во Армијата, по услови предвидени со закон.

Подофицерите од родовите, со чин водник, ранг Е-5, се распоредуваат во единиците на АРМ, на формациски места командири на 2. и 3. одделенија.

Подофицерите од службите, со чин водник, ранг Е-5 се распоредуваат во единиците на АРМ, на формациски места за кои е предвиден чинот водник, ранг Е-5.

Селекцијата на подофицери со чин водник, ранг Е-5, за унапредување во чин постар водник, ранг Е-6, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- поминал најмалку 3 (три) и не повеќе од 8 (осум) години во чин водник, ранг Е-5;
- извршувал должност командир на 2. и 3.одделение најмалку 3 години (соодветна должност за службите);
- оценет е со службена оценка најмалку "добар";
- завршил Напреден курс за подофицери (НКПОФ).

### *7.6.5. Кариера на подофицери во чин постар водник, ранг Е-6*

Оваа фаза во развојот на кариерата на подофицерите може да трае од 8-та до 25-тата година од службата. Почнува од унапредувањето во чин постар водник, ранг Е-6, а завршува со изборот на кандидати за унапредување во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7. Оние подофицери кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, остануваат во служба сé до истекот на 25 години од службата.

Унапредените подофицери од родовите и службите на АРМ, со чин постар водник, ранг Е-6 потпишуват договор со МО на РМ за служба во АРМ до 25 години служба, односно до стекнување на право на условна пензија предвидена со закон.

Во чин постар водник, ранг Е-6, подофицерите се задржуваат минимум 4 години. Од подофицерите со поминати 4-14 години во чин постар водник, ранг Е-6, се селектираат кандидати за Борбено-штабен курс за извршување на штабни должности на ниво на баталјон и бригада.

Подофицерите со чин постар водник, ранг Е-6, кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, после 14 години служба, се ставаат на програмата за преквалификација за цивилно занимање. Овие подофицери по истекот на 25 години од службата, стекнуваат право на условна пензија предвидена со закон.

Подофицерите од родовите, со чин постар водник, ранг Е-6, се распоредуваат во единиците на АРМ, на формациски места командири на 1.одделенија или 3.водови, должности во к-да на чета и инструктори во регрутен центар.

Подофицерите од службите, со чин постар водник, ранг Е-6, се распоредуваат во единиците на АРМ, на формациски места за кои е предвиден чинот постар водник, ранг Е-6.

Селекцијата на подофицерите со чин постар водник, ранг Е-6, за унапредување во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- поминал најмалку 4 (четири) и не повеќе од 7 (седум) години во чин постар водник, ранг Е-6;
- извршувал должност командир на 1. одделение, 3.вод или должност во к-да на чета најмалку 3 години (соодветна должност за службите);
- оценет е со службена оценка најмалку "добар";
- завршил Борбено-штабен курс.

### *7.6.6. Кариера на подофицери во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7 и Е-7А*

Оваа фаза во развојот на кариерата на подофицерите може да трае од 12-тата до 25-тата година од службата. Почнува од унапредувањето во постар водник 1 класа, ранг Е-7, а завршува со избор на кандидати за унапредување во чин заставник, ранг Е-8. Оние подофицери кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин заставник, ранг Е-8, остануваат на служба сѐ до истекот на 25 години од службата, односно до стекнување на право на условна пензија предвидена со закон.

Во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, подофицерите се задржуваат минимум 4 години. Од подофицерите со поминати 4-10 години во служба со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, се селектираат кандидати за Командно-штабен курс за извршување на оперативно-штабни должности на ниво на бригада и повисоко.

Подофицерите со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин заставник, ранг Е-8, по поминати 10 години во чинот, се ставаат на програма за преквалификација за цивилно занимање. Овие подофицери по истекот на 25 години од службата, стекнуваат право на условна пензија предвидена со закон.

Подофицерите од родовите и службите со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, се распоредуваат во единиците на АРМ на формациски места во к-да на чета, штабни должности на ниво на баталјон и бригада и инструктори во школата за подофицери.

Од најуспешните подофицери со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7, се селектираат кандидати за Курс за прв подофицер во чета.

Селекцијата за поставување на должност прв подофицер во чета, со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7А, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- извршувал должност командир на 1. одделение или 3.вод најмалку 3 години (соодветна должност за службите);
- има две последни службени оценки "одличен";
- завршил Борбено-штабен курс;
- завршил Курс за прв подофицер во чета.

Подофицерите од родовите и службите со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7А, се распоредуваат на должноста прв подофицер во чета.

Селекцијата на подофицерите со чин постар водник 1 класа, ранг Е-7 и Е-7А за унапредување во чин заставник, ранг Е-8, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- поминал најмалку 4 (четири) и не повеќе од 10 години во чин постар водник 1 класа, ранг Е-7;
- извршувал должност командир на 1. одделение или 3.вод, должност во к-да на чета или штабни должности на ниво на баталјон (соодветна должност за службите);
- оценет е со службена оценка најмалку "добар";
- завршил Командно-штабен курс.

### *7.6.7. Кариера на подофицери во чин заставник, ранг Е-8 и Е-8А*

Оваа фаза во развојот на кариерата на подофицерите може да трае од 16-тата до навршување на 55 години старост. Почнува од унапредувањето во чин заставник, ранг Е-8, а завршува со избор на кандидати за унапредување во чин заставник 1 класа, ранг Е-9. Оние подофицери кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин заставник 1 класа, ранг Е-9, остануваат на служба до навршување на 55 години старост.

Во чин заставник, ранг Е-8 подофицерите се задржуваат минимум 4 години. Од подофицерите со поминати 4-14 години во чин со заставник, ранг Е-8, се селектираат кандидати за Курс за главни подофицери за извршување на клучни оперативно-штабни должности на ниво на бригада и повисоко, ранг Е-9 и за извршување на должност главен подофицер во бригада и повисоко, ранг Е-9А.

Подофицерите од родовите и службите со чин заставник, ранг Е-8, се распоредуваат во единиците на АРМ, на формациски места за штабни должности на ниво на бригада и повисоко.

Од најуспешните подофицери со чин постар водник 1 класа, ранг Е-8, се селектираат подофицери за поставување на должност главен подофицер во баталјон, со чин заставник, ранг Е-8А.

Поставувањето на должност главен подофицер во баталјон, ранг Е-8А , се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- извршувал должност прв подофицер, во чета, со ранг Е-7А најмалку 2 години;
- има две последни службени оценки "одличен";
- завршил Курс за прв подофицер во чета;
- има познавање на светски странски јазик најмалку на ниво СТАНАГ 2.2.2.2.

Селекцијата од подофицерите со чин заставник, ранг Е-8 и Е-8А, за унапредување во чин заставник 1 класа, ранг Е-9 се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;

- поминал најмалку 4 (четири) години во чин заставник, ранг Е-8;
- извршувал на оперативно-штабни должности на ниво на бригада и повисоко (соодветна должност за службите);
- оценет е со службена оценка "одличен";
- завршил Курс за главни подофицери;
- има познавање на светски странски јазик најмалку на ниво СТАНАГ 3.2.3.2.

### *7.6.8. Кариера на подофицери во чин заставник 1 класа, ранг Е-9 и Е-9А*

Оваа фаза во развојот на кариерата на подофицерите може да трае од 20-тата година од службата до навршување на 55 години старост. Почнува од унапредувањето во чин заставник 1 класа, ранг Е-9, а завршува со избор на кандидат за извршување на највисоката и најодговорната подофицерска должност, главен подофицер на АРМ, ранг Е-9А.

Оние подофицери кои нема да бидат селектирани за унапредување во чин заставник 1 класа, ранг Е-9А, остануваат на служба до навршување на 55 години старост.

Во чин заставник 1 класа, ранг Е-9, подофицерите се задржуваат до навршување на 55 годони старост.

Од најдобрите подофицери со поминати 4-14 години во чин со заставник 1 класа, ранг Е-9, се селектираат кандидати за Курс за главни подофицери за извршување на клучни оперативно-штабни должности на ниво на бригада и повисоко, ранг Е-9 и за извршување на должност главен подофицер во бригада и повисоко, ранг Е-9А.

Подофицерите од родовите и службите со чин заставник 1 класа, ранг Е-9 се распоредуваат на должности во единиците на АРМ, на формациски места за извршување на клучни оперативно-штабни должности на ниво на бригада и повисоко.

Подофицерите од родовите и службите со чин заставник 1 класа, ранг Е-9А се распоредуваат на должност главен подофицер во бригада и повисоко.

Од најдобрите подофицери со чин заставник 1 класа, ранг Е-9, се селектираат кандидати за поставување на должност главен подофицер во бригада и повисоко со чин заставник 1 класа, ранг Е-9А.

Поставувањето на должност главен подофицер во бригада и повисоко со чин заставник 1 класа, ранг Е-9А, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- извршувал должност прв подофицер во баталјон најмалку 2 години;
- оценет е со службена оценка "одличен" на последните две оценувања;
- завршил Курс за главни подофицери;
- има познавање на светски странски јазик најмалку на ниво СТАНАГ 3.2.3.2.

Од подофицерите со чин заставник 1 класа, ранг Е-9А, се селектира кандидат за поставување на највисоката и најодговорната подофицерска должност, главен подофицер на АРМ, ранг Е-9А. Поставувањето на должност главен подофицер на АРМ, ранг Е-9А, се врши според следните критериуми:

- исполнува општи услови за унапредување;
- извршувал должност прв подофицер во бригада најмалку 2 години;
- има оценка "одличен" на сите службени оценувања;
- завршил Курс за главни подофицери;
- има познавање на светски странски јазик најмалку на ниво СТАНАГ 3.2.3.2.

### *7.6.9. Можност за произведување во офицерски чин*

Подофицерите кои демонстрираат посебни потенцијали и способности во службата, а во меѓувреме стекнат високо образование предвидено со закон по извршена селекција, а според потребите на службата можат да бидат селектирани за кандидати за офицери.

### *7.6.10. Контролни точки за развој на кариерата на подофицери*

- *Контролна точка 1*: Подофицерите со чин водник, ранг Е-5, кои во текот на првиот договор, до крајот на 8-та година од договорот, се селектирани за унапредување и бидат унапредени во чин постар водник, со ранг Е-6, успешно ја поминуваат оваа контролна точка и стекнуваат право за потпишување на договор (втор) за служба до 25 години.

Во текот на овој договор подофицерите со чин постар водник, ранг Е-6, може да бидат унапредени во чин постар водник 1. класа, ранг Е-7 и во тој чин остануваат сé до истекот на договорот од 25 години.

Подофицерите со чин водник, ранг Е-5, доколку не бидат селектирани за унапредување и унапредени во чин постар водник, ранг Е-6, на 2 години пред истекот на првиот договор, во траење од 10 години, се ставаат во програма за прекфалификација за цивилно занимање, а по истекот на договорот од 10 години им престанува службата во Армијата.

- *Контролна точка 2*: Подофицерите со чин постар водник 1.класа, ранг Е-7, доколку бидат селектирани за унапредување и се унапредат во чин заставник, ранг Е-8, најдоцна до истекот на 24 година од службата, ја поминуваат оваа контролна точка и стекнуваат право за потпишување на договор (трет) за служба, до стекнување на полна пензија со навршување на 55 години старост.

Во текот на овој период, подофицерите со чин заставник, ранг Е-8, кои ја поминале втората контролна точка, можат да бидат унапредени во чин до крајот на кариерата.

Подофицерите со чин постар водник 1.класа, ранг Е-7, доколку не бидат селектирани за унапредување и унапредени во чин заставник, ранг Е-8, на 1 година пред истекот на договорот се ставаат во програма за прекфалификација за цивилно занимање, а по истекот на договорот од 25 години им престанува службата во Армијата. Овие подофицери стекнуват право на условна пензија со 25 години стаж, по услови предвидени со закон.

# РАЗВОЕН ПАТ
# НА КАРИЕРА НА ПОДОФИЦЕРИ




Шема на развоен пат на кариерата на подофицерите

## 8. КАРИЕРА НА РЕЗЕРВНИ ПОДОФИЦЕРИ

Резервни подофицери претставуваат дел од вкупниот подофицерски персонал во АРМ. Според Стратегискиот одбрамбен преглед и други пратечки документи, улогата, должностите и одговорностите на резервните подофицери се преклопуваат со улогата, должностите и одговорностите на подофицерите од активниот состав.

Концептот за професионален развој на подофицери, утврдувајќи го процесот за професионален развој на активните подофицери, предвидува можност за пополна на резервниот состав со подготвен подофицерски кадар. Пополната се врши од:

- на професионални војници со војнички чинови Е-3 и Е-4, по истекот на договорот од 9 години служба, под услови утврдени со закон;
- активни подофицери во чин водник, ранг Е-5, на кои им истекнал договорот за служба во Армијата од 10 години;
- активни подофицери во чин постар водник, ранг Е-6, постар водник, 1 класа , ранг Е-7, по истекот на договорот за служба во Армијата од 25 години и
- активни подофицери во чин заставник, ранг Е-8 и заставник 1 класа, ранг, Е-9 , пред исполнување на условите за полна пензија утврдена со закон

Сите наведени категории, покрај општите услови кои треба да ги исполнат, треба да имаат и позитивни препораки од претпоставениот за преминување во резервниот состав.

По потреба на резервниот состав од подофицери со критични специјалности, Концептот за професионален развој на подофицери предвидува можност за пополна со кандидати од цивилните структури со соодветно занимање. Овие кандидати мора да поминат иницијална обука за подофицери предвидена со овој концепт. Оваа обука се дефинира со посебни програми и инструкции.

Развојот на кариерата на резервните подофицери е иднетичен на подофицерите од активниот состав

Специфичноста на резервните подофицери, дефинирана со повремено активирање, зависно според потребите на Армијата, ќе го условува начинот на поставувањата, едукацијата, обуката и нивниот целосен професионален развој.

Сите други прашања врзани за општите услови за професионалниот развој на резервните подофицери се регулира со Концепт за резервни сили.

## 9. ТРАНЗИЦИЈА И ПРИЛАГОДУВАЊЕ ЗА ЦИВИЛНО ЗАНИМАЊЕ

Основната замисла на Концептот за професионален развој на подофицери е изградба на пирамида од подофицерски чинови со високо стручен и професионален подофицерски персонал. Оваа определба претпоставува, професонален развој на подофицери, цело време проследен со дефинирани услови и критериуми за селекција.

Во текот на селекцијата, оние подофицери кои не ги исполнуваат предвидените услови за продолжување на кариерата, не бидат унапредени во повисок чин, по истекот на договорот им престанува службата во АРМ.

Овие лица, во периодот од 1 до 2 години пред истекот на договорот, предвиден со овој концепт, се вклучуваат во програма за транзиција и прилагодување за цивилно занимање.

Програмата и транзицијата за цивилно занимање зависно од афинитетите и стручноста оспособеност на подофицерите, нуди:

- информации
- советување
- стручно-специјалистичко оспособување
- помош при избор на работно место
- материјална помош

Со оваа програма, на подофицерите им се овозможува успешно да ја продолжат својата кариера во цивилниот живот. Процесот на транзиција и прилагодување на цивилно занимање има важна улога во менаџментот со човечки ресурси во Армијата.

## 10. ЗАКЛУЧОК

Концептот за развојот на подофицерскиот кор е основна рамка и патоказ во професионалната кариера на подофицерите на АРМ и истиот е компатибилен со сличните концепти во армиите на земјите членки на НАТО.

Со овој концепт се утврдени основните претпоставки за креирање на развојот на квалитетен, високостручен, ефективен и мотивиран подофицерски кор. Неговото целосно прифаќање значи дефинирање на улогите, должностите и одговорностите на подофицерите како водечка структура во Армијата, одговорна за индивидуална обука и спроведување на секојдневните активности.

Основната цел на концептот е на транспарентен начин, постоечкиот подофицерски кадар и идните кандидати за подофицери во АРМ, да се запознаат со можностите кои им ги нуди АРМ за нивна успешна професионална кариера. Исто така, како императив за секој подофицер на АРМ е постигнување на компатибилност со останатите подофицери од армиите на земјите членки на НАТО. Содржините што се вградени во концептот, бараат од подофицерот перманентна воена едукација, професионализам, лидерски способности и висока психофизичка подготвеност. За исполнување на критериумите, што произлегуваат од овие содржини, потребно е целосно имплементирање на системот за водење во кариерата, разработен во овој концепт.

Начинот на одржување на пирамидата на подофицерскиот кор во АРМ, како и исполнувањето на работниот стаж се остварува преку системот на договори и контролни точки. Во текот на кариерата, од подофицерот се бара висока мотивираност и конкретни резултати во работата. Ваквиот приод кон развојот на подофицерскиот кор треба да овозможи полесно и успешно преструктуирање на АРМ во: мала, ефикасна, професионална, оперативна и флексибилна армија која успешно ќе одговори на новите предизвици како активна членка во системите за колективна безбедност.

Создавањето на високостручен, психофизички способен, ефективен и мотивиран подофицерски кор на АРМ, е поддржано со прифаќање на крајната старосна граница на подофицерите (навршување 55 години старост) или стекнување на пензиски стаж за остварување право на условна пензија (со исполнување на 25 години работен стаж).

Концептот за развој на подофицерскиот кор ги опфаќа најважните прашања кои влијаат на развојот на професионалананата кариерата на подофицерите и како таков е од исклучително значење за постигнување на компатибилност на АРМ, со армиите на земјите членки на НАТО.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

Јован Манасијевски